РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1478/2
05-11-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 24-тата седница одржана на 03.11.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-1478/1 од 12.05.2025 година, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај од причина што за пријавените наводи друг орган е надлежен да постапува.

Пријавата ќе се достави на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-1478/1 од 12.05.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, преку електронска пошта, на ден 12.05.2025 година, поднесена е пријава против службени лица, вработени во Министерството за внатрешни работи на РСМ – ------- и оформен е предмет број 12-1478/1 од 12.05.2025 година.

Во пријавата, подносителот наведува дека во канцелариите на ---------, поднел барање за промена на возачка дозвола која била со изминатата важност, при што, од страна на службеното лице ---------, вработен во -------, му биле побарани дополнителни парични средства во износ од 3.500,00 денари, а кои требало да ги

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

исплати во готово, со цел барањето за промена на возачката дозвола да биде соодветно поднесено, со оправдување дека истата била подолго време со измината важност и дека во таа цена влегувало и лекарското уверение кое било потребно, а кое наведениот полициски службеник може да го обезбеди без притоа лицето да има потреба да посети соодветна здравствена установа.

Во продолжение подносителот посочува и дека за наведеното известил други две службенички при -------, но дека истите не преземале соодветни мерки.

При разгледување на предметната пријава, ДКСК констатира дека станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на друг надлежен орган, по што оцени дека ДКСК нема надлежност за постапување во предметниот случај, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик - претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., Член на ДКСК